**20121533687**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 17 став (4) од Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/11, 51/11, 148/11 и 74/12), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ПОСЕБНИТЕ ДАВАЧКИ ОД ИГРИТЕ НА СРЕЌА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата за надоместоците и посебните давачки од игрите на среќа.

Член 2

Евиденцијата од член 1 на овој правилник се води на образец „Евиденција за надоместоци и посебни давачки од игрите на среќа“, кој е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Евиденцијата од член 1 на овој правилник се води во електронска форма на месечна основа.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-30642/6
28 ноември 2012 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**ПРИЛОГ**

Евиденција за надоместоците и посебните давачки од игрите на среќа

Назив и седиште на приредувачот на играта на среќа___________________________
Вид на играта на среќа____________________________________________________________
Број и датум на лиценцата, односно дозволата за приредување на играта на среќа_______________________________________________________________________________

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Место и адреса на деловната просторија на приредувачот на играта на среќа | Месец за кој е уплатен надоместокот или посебната давачка за игрите на среќа | Датум на уплата | Износ на уплатениот надоместок или посебната давачка |
| | | | |
| | | | |
| | | | |